MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve

- Сектор за управување со човечки ресурси-

Архивски број: 04-4901/9
Датум: 25 07- 2025

Врз основа на член 11 и член 52 став (1) и (3) од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 154/15, 48/15, 142/16 и 11/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 17/25), Државниот секретар на Министерството за социјална политика, демографија и млади донесе:

# ОДЛУКА

## за невршење избор за унапредување на административен службеник по Интерен оглас број 02/2025

1. За извршител на работното место бр.4 ИНС0101Б01000 Генерален инспектор за развој и унапредување на инспекциските политики во социјалната заштита, **не се врши избор.**
2. Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето на веб страницата на Министерство за социјална политика, демографија и млади и Агенција за администрација.

## Образложение

На веб страната на министерството за социјална политика, демографија и млади и Агенцијата за администрација, на 07.07.2025 година објавен е интерен оглас бр.02/2025 за унапредување на административните службеници за следните работни места:

1. **УПР0101Б01000 Државен советник за стратешко планирање и меѓуресорска координација на проекти за реформа во јавна администрација**, 1 (еден) извршител
2. **УПР0101Б01000 Државен советник за креирање и развој на политики од областа на заштита на децата и семејството**, 2 (два) извршители
3. **УПР0101Б01000 Државен советник за демографија и миграции**, 1 (еден) извршител
4. **ИНС0101Б01000 Генерален инспектор за развој и унапредување на инспекциските политики во социјалната заштита**, 1 (еден) извршител
5. **УПР0101Б01000 Државен советник за креирање и развој на политики од област на пензиско и инвалидско осигурување**, 1 (еден) извршител


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

6. **УПР0101Б04000 Раководител на одделение за младинска политика,** Сектор за млади, 1 (еден) извршител
7. **УПР0101Б04000 Раководител на одделение за истражување на области од интерес на младите-Истражувачки центар,** Сектор за млади, 1 (еден) извршител
8. **УПР0101Б04000 Раководител на одделение за буџетска контрола**, Сектор за финансиски прашања 1 (еден) извршител

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административните службеници, државниот секретар со Решение бр.04-4901/5 од 23.07.2025 година формираше Комисија за селекција за унапредување која направи административна селекција на пријавените кандидати по работните места во интерниот оглас кои ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за социјална политика, демографија и млади. Притоа, Комисијата утврди дека за работното место под реден број 4. од интерниот оглас бр. 02/2025 – ИНС0101Б01000 Генерален инспектор за развој и унапредување на инспекциските политики во социјалната заштита пријавениот кандидат не ги исполнува условите согласно член 41 став 1 точка 2 од Законот за инспекциски надзор и го констатира истото во Записникот за административна селекција за интерен оглас бр. 04-4901/6 од 24.07.2025 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку Министерството за социјална политика, демографија и млади до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката.

**Државен секретар**
**Fatmir Sabriu**

Изработил: Е.Печинска
Одобрил: А.К.Ангеловска


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk